Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-3153/1
02.09 2020 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius in Skopje
Faculty of Medicine

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), одлуките од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-1868/53 од 10.06.2020 и бр.02-2426/12 од 09.07.2020 година и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 411 од 05.11.2018 година), Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## *за избор на демонстратори*

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2020/2021 година, и тоа за:

1. ***Катедра за хистологија со ембриологија*** – 2 демонстратори за:
   - предметите: *Морфологија и физиологија на клетка (делот за морфологија на клетка), Хистологија и ембриологија 1 и Хистологија и ембриологија 2* за студиската програма по општа медицина.

2. ***Катедра за медицина на трудот*** - 1 демонстратор за:
   - предметот *Медицина на трудот* од студиската програма по општа медицина;
   - предметот *Медицина на трудот и ергономија* од студиската програма од тригодишните стручни студии за дипломиран физиотерапевт;
   - предметот *Медицина на трудот* од студиската програма од тригодишните стручни студии за дипломиран логопед и
   - предметот *Јавно здравство со епидемиологија и статистика* од студиската програма од тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/медицински техничар.

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или

- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии.

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија);
- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан

Проф.д-р Соња Топузовска